COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

Советот на Европа

CPT/Inf/E (2002) 3
Македонска верзија / Macedonian / Macédonien

**Европски комитет за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (CPT)**



# Спречување на малтретирање

## Вовед кон CPT

# Запознавање со CPT

## *Конвенција за спречување на мачење*

Почитувањето на физичкиот и менталниот интегритет е во суштината на заштитата на човековите права. Постапувањето со лицата лишени од слобода е основно мерило за обемот до кој одредена држава го почитува човековото достоинство кога е соочена со практични прашања, како потребата од одржување на институционална безбедност и ред. Со цел да ги зајакнат постојните домашни аранжмани, државите пристапуваат кон меѓународни спогодби за да ја зајакнат заштитата на лицата лишени од слобода.

Во сите земји-членки на Советот на Европа, *Европската конвенција за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување* е важно обезбедување за притворените лица и влијателен извор на минимални стандарди. Од клучно значење е што Конвенцијата воведува еден систем на мониторинг на самото место и поттикнува дијалог меѓу официјални лица од државата и мултидисциплинарниот меѓународен комитет. Така, Конвенцијата означува една заедничка и иновативна заложба меѓу земјите-членки на Советот на Европа за обезбедување на повисоки стандарди во местата на притвор.

Со Конвенцијата е формиран *Европскиот комитет за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување*, кој обично се нарекува "Комитет за спречување на мачење" или едноставно “CPT”.

CPT е инспириран од работата на Меѓународниот комитет на Црвениот крст, кој прв го воведе поимот за заштита на притворените лица преку систем од посети на места на притвор од страна на експертско и непристрасно тело. Предлогот за Европска спогодба го даде Консултативното собрание на Советот на Европа, врз основа на нацрт-Европска конвенција составен од Меѓународниот комитет на правници и Швајцарскиот комитет против мачење. Веднаш по отварањето за потпишување во 1987 година, земјите-членки брзо ја ратификуваа Конвенцијата и таа стапи во сила во 1989 година. CPT го одржа својот прв состанок истата година, а во 1990 ги спроведе своите први посети во земјите-членки. За кус период се востанови како влијателно тело. Обединетите нации започнаа да воведуваат сличен модел на глобално ниво.

## *Кои се членовите на СРТ?*

Конвенцијата пропишува дека Комитетот е составен од лица со "високи морални квалитети, познати по својата стручност во областа на човековите права или по професионалното искуство" во областите што ги опфаќа Конвенцијата. Од секоја земја што ја ратификувала спогодбата Комитетот на министри на Советот на Европа може да избере по еден член, но членовите работат во свое индивидуално својство, а не како претставници на државите. За натамошно зацврстување на нивната непристрасност, "националните" членови не учествуваат во посетите на нивните земји. Откако ќе бидат избрани, членовите работат за почетен период од четири години, со можност за повторно назначување за уште два мандата. Иако во моментов членството претставува хонорарна работа, во практиката многу членови минуваат значително време работејќи на задолженија поврзани со СРТ.

Силата на СРТ е во неговиот состав, кој спојува еден широк спектар на знаења и вештини од неговите членови. Со цел да гарантира еден оригинален мултидисциплинарен пристап во својата работа, Комитетот води сметка да осигури рамнотежа во своето членство. Иако доминираат оние со правна професија, многу од членовите внесуваат медицинска експертиза во работата на СРТ. Други работат во своите земји како специјалисти за прашања од областа на затворите или полицијата.

За време на посетите на местата на притвор, на Комитетот може да му помагаат експерти и преведувачи.

Постојаниот Секретаријат на СРТ е сместен во седиштето на Советот на Европа во Стразбур.

## *Што работи СРТ?*

Целта на СРТ е да ја зајакне заштитата на лицата лишени од слобода од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Тој настојува да ја постигне оваа цел преку посети на места на притвор, а потоа следи воспоставување на "постојан дијалог" со државите, врз основа на извештаите на СРТ и одговорите на државите.

Иако СРТ не е правосудно тело, има развиено комплет од стандарди што ги користи при посетите за да му помогнат во проценката на постојните практики и да ги поттикне државите да ги исполнат неговите критериуми. Голем дел од овие стандарди се подетални и поригорозни за разлика од оние што ги има во други меѓународни обврски. Освен тоа, ова утврдување на стандардите еволуира: како што се развива работата на СРТ, се откриваат нови проблеми за кои тој дава нови препораки, поттикнувајќи ги државите да размислуваат за натамошни законодавни, управни и организациски реформи.

Овие стандарди се објавени во брошурата "Стандарди на СРТ".

# Посети на СРТ

Мандатот на СРТ вклучува *спречување* на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, а не формална осуда на постапувањето кон кое и да е притворено лице. Преку посети на притворски установи СРТ врши проценка на условите во притворот и добива информации за важечките постапки и практики.

## *Што може да посети СРТ?*

СРТ има право да ги посети сите места во државите обврзани со Конвенцијата каде лицате се - или може да бидат - лишени од слобода од некој јавен орган. Тука спаѓаат места како затвори и казнено-поправни домови за малолетници, полициски станици, имиграциони сместувачки центри, психијатриски болници и домови за стари или хендикепирани лица.

## *Два вида на посети*

Посетите на СРТ може да бидат *периодични* или *ad hoc*.

*Периодичните* посети овозможуваат Комитетот редовно да ги посетува државите, според распоред што се составува секоја година. Во почетокот, најголемиот број посети на СРТ се периодични. Новите Договорни страни кон Конвенцијата може да очекуваат посета од СРТ набрзо по нивното обврзување согласно спогодбата.

*Ad hoc* посетите може да се спроведуваат доколку "тоа го налагаат околностите". Тие на СРТ му овозможуваат брза реакција откако ќе добие информација дека има потреба од итно постапување за одредено прашање или притворска единица. Покрај тоа, *ad hoc* посетите му овозможуваат на Комитетот да го испита обемот до кој се имплементирани претходните препораки. Последните години СРТ се почесто користи куси и строго наменски *ad hoc* посети. Повремено, *ad hoc* посетите се спроведуваат на барање на самата држава.

## *Овластувања на СРТ за време на посетите*

Конвенцијата бара од државата при посетите на делегациите на СРТ да одобри пристап и неограничена слобода на движење во "секое место во рамките на нејзината јурисдикција каде лицата се лишени од слобода од некој јавен орган". Освен тоа, таа на Комитетот му дава право да води приватен разговор со лицата лишени од слобода и со секое друго лице што може да даде соодветни информации. Исто така, државите имаат и една општа должност на СРТ да му стават на располагање секаква информација што ќе ја побара за извршување на неговата задача.

Правото на пристап до информации на СРТ подлежи на обврската да "ги почитува позитивните правила од националното законодавство и професионална етика". Меѓутоа, оваа обврска треба да се интерпретира на начин што е доследен на целта на мандатот на СРТ, односно спречувањето на малтретирање. Националните власти може да постават одредени услови при обезбедувањето на бараните информации, но тие не може едноставно да одбијат да дозволат пристап до такви информации ниту да дадат пристап под услови што всушност претставуваат одбивање.

## *Хронологија на една периодична посета на СРТ*

| | |
|---|---|
| **Крај на претходната година** | СРТ ги објавува земјите што ќе ги посети следната година |
| **Околу 2 недели пред посетата** | На државата и се даваат поединости за датите на приближното траење на посетата и за составот на делегацијата |
| **Неколку дена пред посетата** | Државата се известува за некои институции кои ќе ги посети делегацијата на СРТ |
| **На почетокот на посетата** | Разговори меѓу делегацијата и владини министри, службеници и невладини организации |
| **Во текот на посетата (приближно 1-2 недели)** | Делегацијата (членови на СРТ, членови на Секретаријатот, а кога е потребно и експерти и преведувачи) се дели за посета на места за лишување од слобода, вклучително и институции кои претходно не биле наведени. Делегацијата редовно меѓусебно разменува извештаи |
| **На крајот од посетата** | Делегацијата одржува средби со министри и службеници заради информирање околу првите впечатоци и сознанија, вклучително (ако е потребно) и одредени "итни забелешки" за состојби кои бараат особено итна реакција |

# Извештаи на CPT

После секоја посета, CPT составува извештај со своите сознанија и препораки кои ги смета за неопходни за подобрување на состојбата на лицата лишени од слобода. Овој доверлив извештај се испраќа до односната држава. Извештајот содржи барање за писмен одговор од државата, кој ги утврдува преземените мерки за имплементирање на дадените препораки, реакциите на дадените коментари и одговори на барањата за информации.

Сознанијата на CPT се доверливи, но постојат два исклучока. Прво, државата може да побара објавување на извештајот и на своите коментари дадени како одговор. Второ, доколку државата одбие да соработува или да ја подобри состојбата на лицата лишени од слобода во светло на препораките на CPT, Комитетот може да одлучи (со двотретинско мнозинство и откако ќе и даде можност на државата да се произнесе по неговите ставови) да издаде јавно соопштение за тоа прашање.

Иако на почетокот се сметаше дека доверливоста ќе биде важна во здобивањето на соработката од државите и обезбедувањето на ефикасност на CPT, државите покажаа дека се подготвени и согласни да дозволат најголем дел од нивниот дијалог со Комитетот да стигне до јавноста. Секако, најголемиот број посетени држави го овластиле објавувањето на извештаите на CPT и на нивните одговори. Тие може да се добијат од Секретаријатот на CPT и на неговата веб-страна.

Дополнителни информации:

Secretariat of the CPT
Council of Europe
F-67075 Strasbourg Cedex
France

Tel.: +33 (0)3 88 41 20 00
Факс: +33 (0)3 88 41 27 72
E-mail: cptdoc@coe.int
Интернет: www.cpt.coe.int

Стразбур, септември 2002 година
Фотографија на насловна страна: © CICR/BIGLER, Roland